Димитар ТРАЈКОВСКИ

# СТАВОВИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА НА СЕМЕЈСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Резултати од анкетното истражување*[1]

Социјалната заштита, како јавна дејност, во современи услови има определени цели: грижа за човекот и неговото семејство (во по-широка и во потесна смисла на зборот). Граѓаните, како правни субјекти на социјалната заштита, имаат определени потреби и во текот на своето живеење можат да бидат „доведени" во ситуација на т.н. „социјален ризик" (со статус на „социјален случај") т.е. можат да бидат социјално загрозени, дезорганизирани и сл. (лично или во рамките на семејството како микросоцијална група).

Не е спорна потребата од континуирано истражување на ставовите на граѓаните за системот на социјалната заштита.

Така, во една „мала анкета" беа поставени прашања кои се однесуваат на: основните проблеми на секое семејство во поглед на задоволувањето на секојдневните потреби и барања; потоа, за тоа дали семејството подобро живее сега, отколку пред пет и повеќе години; натаму, каква социјална заштита му е потребна на конкретното семејство; кој орган или установа треба најмногу да се грижи за социјалната заштита на семејството, и на крајот, самите граѓани имаа прилика да ги оценуваат конкретните видови на социјална заштита. Тоа се следниве видови на социјална заштита: на мајчинството и мајките, на малолетните лица, на немоќните лица, на граѓаните неспособни за работа и на инвалидизираните лица.

Се претпоставува дека ставовите на граѓаните зависат од тоа каде живее семејството (на село или во град), потоа колку члена има семејството и колкав е просечниот месечен приход по глава на семејството.

Да напомeнеме дека анкетниот прашалник (според бројот на прашањата и според примерокот е „мал" поради оправдани материјални причини, но и поради времето во кое се применуваше (означено како криза и транзиција). Познато е дека овој период се карактеризира со силна пауперизација на голем број семејства, особено на оние што припаѓаат на т.н. среден слој.

---

[1] Анкетниот прашалник со општата дистрибуција е интегрален дел на овој дел од текстот.

Единица на истражувањето е семејството кое живее на територија на определена општина (единица на локална самоуправа) во рамките на градот (како посебна единица на локалната самоуправа). Постојат две групи на испитаници: основна група (сите испитаници кои живеат во градските средини) и контролна група (испитаниците кои живеат на село и тоа во скопските села). Немавме материјална можност да ги испитуваме ставовите на жителите кои живеат во другите рурални средини (во другите општини кои го чинат примерокот на анкетното испитување). Но, сметаме дека со таквиот пристап ќе бидеме во можност да воочиме некои разлики во ставовите, со оглед на тоа што Скопје е метропола и има поразвиен систем на институции отколку другите општини во Република Македонија. Преку добиените резултати ќе се обидеме да ги констатираме состојбите, од аспект на бројноста на семејната група, материјалниот статус и типот на населбата во која живее (метропола, урбано и рурално подрачје).

Примерокот на единиците на локалната самоуправа го сочинуваат следните општини: Скопје како посебна единица на локалната самоуправа (метропола), селата од околината на подрачјето на Скопје, потоа општините (само градските подрачја): Велес, Делчево, Кочани, Крушево, Гостивар, Дебар, Валандово, Гевгелија.

Со оглед дека во истражувањето беа застапени општини речиси од сите географски делови на Република Македонија (источна, западна и централна), како и тоа дека беа застапени како мали така и големи општини, сметаме дека резултатите ќе бидат веродостојни и репрезентативни.

Со анализата на резултатите ќе биде можно определено компарирање меѓу групите. Најпрво, ќе се презентираат резултатите од Скопје (градот и селата компаративно), потоа, на ниво на општините компаративно со резултатите од Скопје, и на крајот, ќе биде прикажана општа дистрибуција, како и резултатите според независните варијабли: бројноста на семејството и материјалниот статус (на вкупниот број семејства од сите општини).

Несомнено дека ова анкетно испитување нема само сознаен карактер, туку тоа е еден егземплар (ориентационен), со цел да се поттикнат компетентните институции да го користат „јавното мислење“ како стручен пристап во прогнозата во дејствувањето.

Што покажуваат резултатите од истражувањето според тоа дали испитаниците потекнуваат од Скопје или од скопските села (компаративно)?

На првото прашање: Кои проблеми се јавуваат кај Вашето семејство во поглед на задоволувањето на секојдневните потреби и барања, беа добиени следните одговори (во %, со повеќе одговори):

| Проблеми (повеќе одговори) | Град Скопје | Села | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Недоволни приходи во семејниот буџет | 31,1 | 31,7 | 33,3 |
| Невработен член-ови во семејството | 15,5 | 22,8 | 18,7 |
| Станбени проблеми (нерешено станбено прашање, мала квадратура на станот) | 8,8 | 12,3 | 10,3 |
| Недостиг на срадства за плаќање на комуналиите и други трошоци | 10,8 | 17,5 | 13,7 |
| Несоодветна исхрана | 4,7 | 1,7 | 3,4 |
| Недостиг на средства за обновување на гардеробата | 10,8 | 4,4 | 8,1 |
| Неможност за користење на годишниот одмор и рекреација воопшто | 14,2 | 7,0 | 11,1 |
| Несоодветно згрижени мали деца и стари луѓе | 0,7 | 2,6 | 1,5 |
| Немање можност за репрод. на имотот | 0,7 | - | 0,4 |
| Немање перспектива за враб. на младите | 0,7 | - | 0,4 |
| Немам никакви проблеми | 2,0 | - | 1,1 |
| ВКУПНО: | 148.100,0 | 114.100,0 | 262.100,0 |

Врз основа на презентираните податоци може да се константира следново:

1. Во структурата на проблемите најзастапени се оние што имаат карактер на рапидно зголемување на социјалната загрозеност на населението (недоволни приходи во семејниот буџет, невработени членови и недостиг на средства за плаќање комуналии).

2. Постои извесна разлика во поглед на проблемите според тоа дали се работи за селска или градска популација (кај градската популација: неможност за користење на годишниот одмор, за рекреација и немање средства за гардероба).

3. Интересно е дека и кај селската и кај градската популација постои ист број на испитаници што „немаат никакви проблеми“ (по три одговори за градот и за селата).

4. За одговорот „немам никакви проблеми" се определиле оние членови на семејства кои имаат приходи над 7.000,00 по член и се припадници на трочлена семејна заедница (семејство). На таквите семејства не им е потребна никаква помош од страна на државата.

На прашањето дали сега анкетираните семејства живеат подобро отколку пред пет или повеќе години, испитаниците од градот Скопје во 82% случаи одговориле дека живеат полошо отколку пред пет и повеќе години", 14% „живеат исто како и пред пет и повеќе години", 2% „живеат подобро отколку пред пет и повеќе години", а 2% граѓани „не можат да оценат", дали сега живеат подобро отколку порано". Номинално, само еден испитаник живее подобро отколку досега и тоа петочлено семејство со „приходи по член" - 5.400,00 денари.

Прашањето: „Каква социјална заштита му е потребна на Вашето семејство"? Одговорите се дистрибуирани на следниов начин (според табелата изразена во проценти (%) повеќе можни одговори).

| Вид на социјална заштита | Град Скопје | Села | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Помош околу вработување на невработен член | 25,0 | 30,0 | 27,3 |
| Парична помош | 20,5 | 26,0 | 23,1 |
| Помош во прехранбени артикли | 2,7 | 5,0 | 3,7 |
| Помош во обувки и облека | 4,5 | 2,0 | 3,3 |
| Подобра здравствена заштита | 14,3 | 13,0 | 13,6 |
| Подобро згрижување на децата и старите лица | 2,7 | 2,0 | 2,3 |
| Бесплатна школска опрема и прибор | 15,2 | 18,0 | 16,5 |
| Правна помош | 3,8 | 2,0 | 2,3 |
| Подобро информирање | 3,8 | 2,0 | 3,7 |
| Бенефиции за лекови за хронични болни | 0,9 | - | 0,3 |
| Кредити за станбена изградба | 1,8 | - | 1,7 |
| На моето семејство не му е потребна никаква социјална заштита | 1,8 | - | 0,9 |
| ВКУПНО: | 112.100,0 | 100.100,0 | 212.100.,0 |

Податоците укажуваат на следниве работи:

1. Најизразита е потребата за „вработување“ (тука се мисли и на „реактивизација на стечајците“ и на сите оние што се на т. н. „принуден одмор“).

2. Паричната помош е престација која приближно еднакво им е потребна на оние семејства што живеат на село и на оние што живеат во Градот Скопје.

3. Трет вид „помош“ е „бесплатна школска опрема и прибор“; и

4. На испитаниците им е потребна подобра здравствена заштита.

Значи, социјалната заштита се движи во следните рамки - политики: политиката на вработување; здравствената политика и просветната политика. Всушност, социјалната заштита се јавува во облиците на другите јавни дејности. Барањето за т. н. „парична помош“ која е втора по ред, после „помошта околу вработувањето на невработен член“, укажува дека нема доволно пари во семејниот буџет и дека со „помошта“ ќе ги решат многубројните проблеми кои се актуелни во неговите рамки.

„Кој орган или установа треба да води најмногу грижа за социјалната заштита на семејството во Република Македонија“? - е следното прашање преку кое може да се види дали граѓаните имаат сознание за функционалниот аспект во вршењето на социјалната заштита на семејството. На поставеното прашање беа добиени следните одговори (прикажани во табелата).

| Посебна социјална заштита | ПРОСЕЧНА ОЦЕНКА | | |
|---|---|---|---|
| | Град Скопје | Села | Сè, просечно |
| Заштита на мајките и мајчинството | 2,2 | 1,8 | 2,0 |
| Заштита на малолетните деца | 2,0 | 2,0 | 2,0 |
| Заштита на немоќните лица | 2,1 | 1,9 | 2,0 |
| Заштита на неспособните за работа граѓани | 1,8 | 1,9 | 1,8 |
| Заштита на инвалидизираните лица | 1,9 | 1,8 | 1,8 |
| ПРОСЕЧНА ОЦЕНКА ВКУПНО | 2,0 | 1,9 | 1,9 |

Значи, граѓаните (членовите на семејствата) социјалната заштита најмногу ја фокусираат во органите на власта, најмногу во извршната власт, како и во установите. Зачудува фактот што се цени дека локалната самоуправа најмалку е потребно да води грижа за соци-

јалната заштита на семејството. Црквата, или пак џамијата, историски гледано, а веројатно и сега имаат можност да се организираат особено во добротворни цели. Сознанијата укажуваат дека црквата е маргинализирана во случаите на социјалната заштита. Дали периодот од 50 години имаше определено влијание на намалувањето на чувството за солидарност и нејзината примена и кај верниците и кај црквата, тоа е посебно прашање на кое не можеме релевантно да одговориме.

Според Уставот на Република Македонија, државата посебно се грижи за одделни категории граѓани.

Во рамките на последното прашање: „Како би ја оцениле посебната социјална заштита на следните категории граѓани"?, испитаниците со оценките од еден (слаб), па сè до пет (одличен), преку системот на училишното оценување, ја оцениле оваа заштита на следниот начин (што се гледа од приложената табела).

| Орган, институција | Град Скопје | Села | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Собранието на РМ | 14,7 | 10,2 | 12,7 |
| Владата на РМ | 25,3 | 28,0 | 26,5 |
| Соодветното министерство | 20,0 | 25,4 | 22,8 |
| Центрите за социјална заштита | 19,3 | 22,9 | 20,9 |
| Општината и Градот Скопје (локалната самоуправа) | 12,0 | 9,3 | 10,9 |
| Специјализирани меѓународни организации | 2,0 | 4,2 | 2,9 |
| Невладини организации | 3,3 | - | 1,8 |
| Црквата - џамијата | 2,0 | - | 1,1 |
| Не знам | 0,7 | - | 0,4 |
| ВКУПНО: | 150.100,0 | 118.100,0 | 268.100,0 |

Просечните оценки кои не надминуваат вредност од 2,2 укажуваат дека граѓаните (членовите на семејствата), ги процениле овие видови на социјални заштити на одделните категории со мошне слаби оценки. Нема некои посуштествени разлики во проценките помеѓу оние испитаници кои живеат на село и оние кои живеат во град. За жал, причината за таквото незадоволство не беше испитувана (затоа што не можевме да претпоставиме дека респондентите ќе бидат мош-

не критични кон остварувањето на посебната социјална заштита на одделните категории граѓани).

Се обидовме да ги анализираме исказите според материјалниот статус и бројноста на семејството, но таа анализа не можевме да ја изведеме до крај затоа што според материјалниот статус е најдобра групата „со до 2.000,00 денари по член", а според бројноста на семејството најмногубројни се „четиричлени семејства" што се гледа од општата дистрибуција на споменатите независни варијабли.[2]

Во истражувањето, покрај испитаниците од Градот Скопје и скопските села (како контролна група) учествувале респондентите - граѓани од следните градови: Дебар, Гостивар, Крушево, Велес, Кочани, Делчево, Валандово и Гевгелија (како провинција).[3]

Да видиме какви ставови беа искажани во поглед на социјалната заштита на семејството на ниво на сите градови заедно. Воедно ќе бидат респектирани сите резултати на ниво на осумте општини групно и на ниво на Градот Скопје (како главен град на Република Македонија), на крајот ќе биде прикажана на општа дистрибуција (сите одговори).

Да видиме кои проблеми се пофреквентно застапени според исказите на анкетираните граѓани. Во структурата се најзастапени: недоволни приходи на семејниот буџет 28,2%; потоа невработени членови во семејство -21,4% и недостиг на средства за плаќање комуналии - 14,0%, што се гледа од приложената табела.

---

[2] Така во истражувањето беа застапени следните категории на семејства, според „месечен приход по член на семејството": до 1.000 ден. 7.7%; од 1.001-2.000 ден. - 36,7%; од 2.001-3.000 ден. - 18,8%; од 3.001-4.000 ден. - 13,3%; од 4.001-5.000 ден. - 3,4%; од 5.001-6.000 ден. - 5,6%; од 6.001-7.000 ден. - 6,6%; од 7.001-8.000 ден. - 1,1%; од 8.001-9.000 ден. - 3,3%; од 9.001-10.000 ден. - ; над 10.0001 ден. - 1,1% и без приходи - 3,3%. Во поглед на бројноста на семејството во истражувањето беа застапени следните семејни групи: двочлени семејства - 5,5%; тричлени семејства - 20%; четиричлени семејства - 40%; петчлени семејства - 16,6%; шестчлени семејства - 14,4%; едно осумчлено семејство, едно десетчлено семејство и едно дванаесетчлено семејство - сè вкупно 3 X 1,1=3,3%.

[3] Во истражувањето учествувале 80 испитаници според двете независни варијабли: (1) 4-5% - двочлено; 7-8,7% - трочлено; 35-43,7% - четиричлено; 22-27,5% - петчлено; 8-10,1% - шестчлено; 2-2,5% седумчлено; и 2-2,5% осумчлено семејство. (2) „просечни приходи по член": до 1.000 ден. - 19; од 1.001-2.000 ден. - 17; од 2.001-3.000 ден. - 10; од 3.001-4.000 ден. - 9; од 4.001-5.000 ден. - 2; од 5.001-6.000 ден. - 5; од 6.001-7.000 ден. - 1; од 7.001-8.000 ден. - 3; од 8.001-9.000 ден. - 1; од 9.001-10.000 ден. - 4; над 10.001 ден. - 4 и „без приходи" - 5 испитаници.

**ПРАШАЊЕ 1**

*Кои проблеми се јавуваат кај Вашето семејство во поглед на задоволувањето на секојдневните потреби и барања?*

| | Општини на РМ | | Град Скопје | |
|---|---|---|---|---|
| | Н | % | Н | % |
| Недоволни приходи во семејниот буџет | 54 | 28,2 | 45 | 31,1 |
| Невработен член-ови во семејството | 41 | 21,4 | 23 | 15,5 |
| Станбени проблеми (нерешено станбено прашање, мала квадратура | 11 | 5,7 | 13 | 8,8 |
| Недостиг на средства за плаќање на комуналии и др. трошоци | 27 | 14,0 | 16 | 10,0 |
| Несоодветна исхрана | 17 | 9,0 | 7 | 4,7 |
| Недостиг на средства за обновување на гардероба | 13 | 6,7 | 16 | 10,8 |
| Неможност за користење на годишен одмор и рекреација | 16 | 8,3 | 21 | 14,2 |
| Несоодветно згрижени деца и стари луѓе | 4 | 2,0 | 1 | 0,7 |
| Немање можност за репродукција на имотот | - | - | 1 | 0,7 |
| Не постои перспектива за вработување на млади | - | - | 1 | 0,7 |
| Немам никакви проблеми | 9 | 4,7 | 3 | 2,0 |
| ВКУПНО: | 192 | 100,0 | 148 | 100,0 |

Во групата граѓани кои се изјасниле дека „немаат никакви проблеми“, спаѓаат оние семејства кои се трочлени (две семејства кои се трочлени и имаат приходи по член на семејството над 7.000 денари и едно 16.000 денари и 10 четиричлени семејства со приходи по член на семејството 1х 21.212; три семејства по 10.000 ден. по член; 2х7.500 по член; 1х12.500 ден. по член и 1х8.000 ден. по член на семејството).

Со оглед на тоа што граѓаните имаат многубројни проблеми, следното прашање се однесуваше на тоа дали сега живеат подобро от-

колку пред пет и повеќе години. Одговорите недвосмислено укажуваат дека поголемиот број на граѓани сега живее полошо, отколку порано.

**ПРАШАЊЕ 2**

*Во споредба со периодот од пред пет и повеќе години, дали Вашето семејство сега живее подобро?*

| | Општини на РМ | | Град Скопје | |
|---|---|---|---|---|
| | Н | % | Н | % |
| Да, сега живее подобро | 8 | 10,0 | 1 | 2,0 |
| Сега живее исто како пред 5 и повеќе години | 14 | 17,5 | 7 | 14,0 |
| Сега живее полошо, отколку пред 5 и повеќе години | 56 | 70,0 | 41 | 82,0 |
| Не можам да оценам | 2 | 2,5 | 1 | 2,0 |
| ВКУПНО: | 80 | 100,0 | 50 | 100,0 |

Бидејќи граѓаните имаат многубројни секојдневни проблеми и потреби од егзистенцијален карактер, а државата се залага со новите системски прописи да води определена семејна политика, на граѓаните им го поставивме прашањето:

**ПРАШАЊЕ 3**

*Каква социјална заштита му е потребна на Вашето семејство (повеќе одговори)?*

| | Општини на РМ | | Град Скопје | |
|---|---|---|---|---|
| | Н | % | Н | % |
| Помош околу вработување на невработен член | 76 | 24,9 | 28 | 25,0 |
| Парична помош | 79 | 25,9 | 23 | 20,5 |
| Помош во прехранбени артикли | 35 | 11,4 | 3 | 2,7 |
| Помош во обувки и облека | 14 | 4,6 | 5 | 4,5 |
| Подобра здравствена заштита | 44 | 14,5 | 16 | 14,3 |
| Подобро згрижување на децата и старите луѓе | 11 | 3,7 | 3 | 2,7 |
| Бесплатна школска опрема и прибор | 16 | 5,2 | 17 | 15,2 |
| Правна помош | 8 | 2,7 | 4 | 3,8 |
| Подобро информирање | 8 | 2,7 | 4 | 3,8 |
| Бенефиции за лекови за хронично болни лица | 1 | 0,3 | 1 | 0,9 |
| Кредити за станбена изградба | 1 | 0,3 | 2 | 1,8 |
| Не можам да оценам | 3 | 0,9 | 4 | 3,8 |
| На моето семејство не му е потребна никаква социјална заштита | 9 | 2,9 | 2 | 1,8 |
| ВКУПНО: | 305 | 100,0 | 112 | 100,0 |

Да видиме на кои семејства не им е потребна никаква социјална заштита. Тоа се главно трочлени семејства (3 семејства) и 8 четиричлени семејства. Тоа се семејства што имаат најмалку 7.500 денари по член и најмногу до 16.000 денари по член.

Следното прашање е во врска со информираноста и чувството на граѓаните за тоа: „кој орган или установа во Република Македонија треба да води најмногу грижа за социјалната заштита на семејството"? На така поставеното прашање, беа добиени следниве одговори:

**ПРАШАЊЕ 4**

*Кој орган или установа во Република Македонија треба да води најмногу грижа за социјалната заштита на семејството?*

| | Општини на РМ | | Град Скопје | |
|---|---|---|---|---|
| | Н | % | Н | % |
| Собранието на РМ | 30 | 12,6 | 22 | 14,7 |
| Владата на РМ | 71 | 30,0 | 38 | 25,3 |
| Соодветното министерство | 60 | 25,4 | 31 | 21,7 |
| Центрите за социјална работа | 52 | 21,9 | 29 | 19,3 |
| Општината и Градот Скопје (локална самоуправа) | 13 | 5,5 | 18 | 12,0 |
| Специјализирани меѓународни организации | 5 | 2,1 | 3 | 2,0 |
| Невладини организации | 5 | 2,1 | 5 | 3,3 |
| Црквата - џамијата | 1 | 0,4 | 3 | 2,0 |
| Не знам | - | - | 1 | 0,7 |
| ВКУПНО: | 237 | 100,0 | 150 | 100,0 |

Значи, кај испитуваната популација постои свест за јавниот карактер на социјалната заштита, при што таа се ориентира повеќе кон државната власт, (односно управната власт во поширока смисла на зборот, според Веберовото сфаќање) и кон установите кои имаат јавни овластувања. Локалната самоуправа има незначителна улога, особено за граѓаните кои не потекнуваат од Скопје, туку од општините на Република Македонија (единици на истражувањето).

И конечно, како граѓаните ја оценуваат посебната социјална заштита на одделните категории граѓани?

И овој пат, како и секогаш кога се оценуваат институциите (особено во рамките на јавното мислење како редовни сондажи), граѓаните просечно слабо ги оценуваат одделните видови на социјална заштита.

**ПРАШАЊЕ 5**

*Како би ја оцениле посебната социјална заштита на следните категории граѓани ( од 1 до 5)?*

| | ПРОСЕЧНА ОЦЕНКА | |
|---|---|---|
| | Општина на РМ | Град Скопје |
| На мајките (мајчинството) и децата воопшто | 2,7 | 2,2 |
| На малолетните деца | 2,8 | 2,0 |
| На немоќните лица | 2,7 | 2,1 |
| На неспособните за работа лица | 2,8 | 1,8 |
| На инвалидните лица | 2,9 | 1,9 |

Инаку, ако овие облици на социјалната заштита се гледаат како интегрално прашање, како посебна социјална заштита што ја гарантира државата, оценките според општините се различни и изнесуваат: Дебар - 1,7; Гостивар - 1,4; Крушево - 1,1; Велес - 4,1; Кочани - 2,4; Делчево - 2,7; Валандово - 4,5; Гевгелија - 4,6; Град Скопје - 2,0; скопските села - 1,9 (просечна оценка за сите општини - 2,6).

Анализата на анкетните податоци укажува дека семејството во Република Македонија во секојдневниот живот има мноштво потреби и проблеми. Тоа очекува од државата да има поорганизиран однос, особено кон корисниците на социјалната заштита. Социјалната заштита во свеста на граѓаните е поширок поим и се однесува делумно на: образовниот систем, здравствениот систем, правната помош, системот на информации и др. системи. Системот на социјалната заштита не е затворен, туку отворен систем, непосредно во врска со други јавни дејности и социјалното осигурување. Дури може да се смета дека јавниот превоз, општествената исхрана на децата и оранизираниот одмор и рекреација се дел на социјалната заштита, во поширока смисла на зборот.

***Клучни зборови:*** *социјалната заштита, социјален ризик, видови социјална заштита, единиците на локалната самоуправа, свест за јавниот карактер на социјалната заштита.*

## RESUME

Dimitar TRAJKOVSKI

### CITIZENS OPINION ABOUT FAMILIY WELFARE IN REPUBLIC OF MACEDONIA

### RESEARCH RESULTS

Social welfare within the framework of present conditions has the aim of caring for individuals and its families. Citizens as legal subjects of social welfare have certain needs that during their life can not be accomplished, which puts them in the situation of „social risk“. (with status of „social case“). They can be socially endangered, disorganized as individuals or family as a whole, as a social mocro group.

Analyses of research results indicates many different and specific family needs and problems